# ЗА НАТО
## НАКРАТКО

9 789543 690114 >

Иницијатива за Евро–атлантско образование
ул. “Метличина полјана” бр. 48, ст. 19
Софија 1404
Тел.: +359 888 307 797
Ел.пошта: eaei@abv.bg

Изготвил: Августина Цветкова
Анна Василева
Десислава Христова

Консултант: проф. Стилијан Јотов

ISBN 978–9543690–11–4

## СОДРЖИНА

Вовед ........................................................................................ 6

Предговор од д–р Соломон Паси ............................................... 7

Кога и зошто се формирало НАТО? .......................................... 9

Начела како основа на Северноатлантскиот договор ............. 9

НАТО и Студената војна ........................................................... 10

НАТО по крајот на Студената војна ........................................ 11
- Куса хронологија од 1990 до денес ............................ 11

Ликот на НАТО денес ................................................................ 13
- Споделени вредности ................................................ 13
- Димензии на безбедноста и новата улога на НАТО .. 13

Како НАТО работи? .................................................................... 14
а. Процес на донесување на решенија – принципот за консензус ........................................................................ 15
б. Институции – политичка структура ............................ 15
в. Улогата на Генералниот секретар на НАТО ............. 16
г. Меѓународен секретаријат ........................................... 17
д. Институции – воена структура ................................... 17
е. Главни команданти на НАТО ....................................... 18
ж. Вооружени сили ........................................................... 18

Финансирање на НАТО ............................................................. 20

Парламентарна Асамблеа ........................................................ 20

Асоцијација на Атлантскиот договор ........................................ 21

Трансформацијата на НАТО – димензии .................................. 22

Проширување на НАТО – политиката на "отворени врати" .. 22

Мисии и операции на НАТО ....................................................... 23
а. Зона на одговорност на НАТО .................................. 23
б. НАТО на Балканот – Босна и Херцеговина, Косово, Македонија ....................................................................... 24
в. НАТО во Авганистан .................................................. 26
г. Улогата на НАТО во Ирак .......................................... 26

Улогата на НАТО во граѓанска одговорност .......................... 27

Соработка со други организации ............................................ 27
- ООН ............................................................................ 27
- Европска Унија ........................................................... 29
- ОССЕ .......................................................................... 30

НАТО и спротивставувањето на меѓународниот тероризам .. 31

НАТО и Русија ........................................................................... 32

НАТО и Украина ........................................................................ 33

Од кои причини членство во НАТО? Основни ангажмани и одговорности ............................................................................... 34

Епилог ......................................................................................... 36

Прилози ...................................................................................... 37
- Северноатлантски договор ........................................ 37
- НАТО во кратеници .................................................... 41
- Табели ........................................................................ 45
  - НАТО во соработка со други организации ............ 45
  - Партнери на НАТО .................................................. 46
  - Политичка структура .............................................. 47
  - Граѓанска и воена структура .................................. 48

## ВОВЕД

Кога прв пат размислувавме за идејата за прирачник со наслов *За НАТО...НАКРАТКО* никој од составувачите не го очекуваше моментот за ваква публикација да биде толку созреан. НАТО е една нова реалност во современиот развој на Бугарија, како и за сите земји од Централна и Источна Европа. Да се популаризира Алијансата како најефикасна организација за гарантирање на безбедноста воопшто не беше лесна задача, но нема спор дека придонесот за изградување на ликот на НАТО како погоден инструмент за дијалог, соработка, поголема стабилност, демократски принципи и врховност на правото, и како гарант за почитување на личните права и слободи се покажа вистински професионален предизвик и задоволство.

Несомнено најголемиот приоритет на светот, во кој живееме е достапноста до образование и информација – патеки на знаењето, кои помагаат да бидат сфатени сигурноста и целите на надворешната политика во нивните сестрани појави, а во една континуирано променлива средина и предизвициЃЫ пред мирот, толеранцијата и стабилноста околу нас.

Прашањето зошто таква публикација е потребна веќе не е релевантен. Моментот е погоден за да го направиме наредниот чекор во насока на дистрибуирањето на позитивните ефекти од оваа иницијатива и во други земји од Централна и Источна Европа– стратешки партнери на НАТО и земји кандидати.

Првоначелно замислуван како оригинална идеја за обучување на учители во средните училишта во Бугарија во помош на нивната мисија да ги запознаат младите луѓе со суштината на трансатлантските вредности, издавањето на овој прирачник *За НАТО...НАКРАТКО,* ги надмина целите, кои во почетокот беа ставени. Интересот кој овој прирачник го провоцира со деталниот и пристапен содржај ги оправдува понатамошните напори да го прошири ареалот на оваа публикација, да го катализира процесот на опознавање на НАТО и еволуцијата на организацијата до нејзината сегашност и иднина како на највлијателна Алијанса, способна и призвана да ги гарантира мирот и безбедноста во светот.

Прирачникот досега е издаван на бугарски и англиски јазик и е ставен во интернет страницата за образование на Асоцијацијата на Атлантскиот договор www.ataedu.org На истата страница ќе ги најдете верзиите и на албански, грузински, српски, руски и украински јазик.

Изданието е остварено со методската помош на Министерството за образование и наука на Република Бугарија, на Асоцијацијата на лекторите по филозофија, на Комитетот за образование на Асоцијацијата на Атлантскиот Договор и Информативниот Центар на НАТО во Софија.

Составителите на *ЗА НАТО ...НАКРАТКО* би сакале да се заблагодарат за поддршката на Дирекцијата за Јавна Дипломатија на НАТО.

**Августина Цветкова**
Претседател
Иницијатива за Евро–атлантско образование

## ПРЕДГОВОР

Колку и тривиално да звучи, НАТО е реалност– така како што се тривиални реалностите воздух, вода, оган, географски релјеф и се останато околу нас. Покрај тоа, а може би токму поради тоа, ние сме ги изучувале повеќе од 10 години во часовите по хемија, физика, географија и тн. А сега нашите деца ги учат за да можат адекватно да реагираат на реалноста околу нив, за да знаат што ги застрашува, како да се чуваат и не на последно место, како да управуваат со феномените во нивна корист.

Ги спомнав овие азбучни вистини затоа што, за нашите деца а и за нас самите, НАТО е реалност. Токму пред петнаесет години оваа организација беше сметана за главен непријател на нашата држава и нејзините сојузници од Варшавскиот договор. Спротивните места на двете моќни коалиции беа како во состојба на војна, за среќа “студена”, која траеше 40 години. А денес, поголем дел од бившите земји–членки на Варшавскиот договор се членки на НАТО. Со останатите тече активен дијалог и во секој случај спротивните места меѓу нив и НАТО веќе не се главниот извор на тензија во светот.

Пред 17 години Бугарскиот парламент ја започна, прв во Централна и Источна Европа, дискусијата за прекратување на Варшавскиот договор и проширувањето на НАТО. Тогаш уште никој не претпоставуваше дека претстои кошмарот на 11 септември 2001 година.

Но денес, мнозина знаат дека главната закана доаѓа од глобалниот тероризам, а НАТО постанува главен инструмент на цивилизацијата во борбата против тероризмот. Уште нешто, Бугарија веќе две години како полноправен член е важен елемент во таа борба. Зборот “важен” воопшто не преувеличува: заради консензусот, со кој се земаат решенијата во НАТО, малите и средни по големина земји добиваат огромна надворешнополитичка, а не сразмерна на нивната големина, население и воена моќ, поддршка. Затоа членството во НАТО не само е повод за самоувереност, туку и за висока одговорност. Одговорност која паѓа врз сите членови на заедницата и посебно врз младите чиј продуктивен живот топрва почнува.

Јас сум убеден дека предлаганиот прирачник ќе ви помогне да се ориентирате во сите основни прашања на историјата, организацијата и функционирањето на најмоќниот военополитички сојуз во историјата на човештвото, сојуз кој е призван да го штити мирот во светот.

Со среќа во светот на НАТО!

**Соломон Паси**
Претседател на Комисијата за надворешна политика при
Народно Собрание на Република Бугарија
Министер за надворешни работи на Република Бугарија (2001–2005)

# ЗА НАТО...
# Накратко

### 1. Кога и зошто се формира НАТО?

Организацијата на Северноатлантскиот договор (НАТО) е формирана на **4 април 1949** година во Вашингтон, САД со потпишување на Северноатлансткиот договор. Земјите во овој договор се десет европски и две северноамерикански: Белгија, Велика Британија, Данска, Исландија, Италија, Луксембург, Норвешка, Португалија, Франција и Холандија, како што и Канада и САД.

Главната цел на земјите–основачи на НАТО е да го спречат ризикот од проширување на контролата на Советскиот Сојуз врз европскиот континент. Потпишувајќи го договорот, тие взаемно се ангажираат да ја гарантираат својата слобода и безбедност со политички и воени средства. Асоциирајќи ја Северна Америка кон одбраната на Западна Европа, НАТО покажа дека секаков обид за политички или воен притисок врз Западна Европа е осуден на неуспех.

### 2. Начела како основа на Северноатлантскиот договор

Функционирањето на НАТО се основува на начелата, кои го составуваат Северноатлантскиот договор:

1. НАТО **ја гарантира слободата и безбедноста на нејзините членови** со политички и воени средства, во склад со принципите на уставот на ООН;

2.НАТО е сојуз на држави, обединети од општи вредности–демократија, слобода на личноста, врховност на законот, и решени да ги штитат овие вредности од секое насилство;

3. **Главно начело во функционирањето** на НАТО е принципот за колективна одбрана, **кој го составува** член 5 на Атлантскиот договор. Според овој член, секоја евентуална **закана** против безбедноста на земја–членка на Алијансата се смета за закана против безбедноста на

сите сојузници и бара преземање на заеднички активности за заштита;

4. НАТО обезбедува форум за заеднички консултации и земање на решенија, кои се однесуваат на сигурноста на земјите–членки;

5. НАТО е меѓувладина организација во рамките на која земјите–членки **го чуваат својот суверенитет и независност;**

6. НАТО е **израз на трансатлантската врска, која врз перманентна база ја поврзува безбедноста на Северна Америка со безбедноста на Европа**;

7. Во основа на Вашингтонскиот договор е и **принципот за недозволување на економски конфликти меѓу земјите-членки и за поттикнување на економската соработка меѓу нив;**

8. НАТО ја применува својата политика за безбедност **преку континуиран развој и поддршка на поединечните и колективни воени можности на земјите-членки**.

9. Алијансата останува **отворена за нови членови**. Тие треба да се држави способни да придонесат за безбедноста во евроатлантската зона, да ги споделат евроатлантските вредности и за чие асоциирање во организацијата сите земји–членки да ја дадат нивната согласност.

### 3. НАТО и Студената војна

По крајот на Втората Светска војна Источна и Западна Европа се разбудуваат разделени од идеолошките и политички бариери на Студената војна.

Во периодот од 1947 до 1952 година планот Маршал им дава средства на западно–европските економии за обновување и стабилизирање, а улогата на НАТО е да ја гарантира колективната одбрана против секаков тип на агресија, како и да обезбеди безопасна средина за развој на демократијата и економскиот пораст.Според зборовите на тогашниот американски претседател Хари Труман планот маршал и НАТО се “две половини на ист орев”.

Во почетокот на 50те години сложеноста на меѓународните односи кулминира во Кореанската војна и ги потврдува стравовите на западниот свет во однос на експанзионистичките амбиции на Советскиот Сојуз. Тоа ги предизвикува земјите–членки двократно да ги зголемат своите напори за зацврстување на воените структури, неопходни за гарантирање колективната одбрана. Присуството на американска војска на европска територија придонесува за да биде убеден Советскиот Сојуз дека агресија од негова страна нема шанси да биде успешна. Со годините и други земји добија членство во НАТО– во 1952 Грција и Турција, во 1955 Ф.Р.Германија, а во 1982 Шпанија.

Благодарение на НАТО, Западна Европа и Северна Америка не

само заеднички ја гарантираат својата безбедност, но и постигнуваат ниво на стабилност без преседан. Оваа стабилност е во основа на економската соработка и интеграција. Во почетокот на 90те години таа придонесува за крајот на Студенатата војна и надминување на поделбата на Европа.

### 4. НАТО по крајот на Студената војна

Спротивставувањето на двата блока и советската закана, на која Алијансата првоначелно е призвана да се спротивставува, одамна е во минатото. Карактерот на современите предизвици за сигурноста е драматично променет. И покрај прогнозите на многумина скептици, НАТО не само го надживеа крајот на Студената војна и својот антагонист во лицето на Варшавскиот договор, туку и се наложи како најефикасна современа организација во сферата на безбедноста чиј членски состав и круг од партнери постојано се прошируваат.

### • Куса хронологија од 1990 до денес

Низа клучни настани ја бележат историјата на НАТО по крајот на Студената војна:

Во 1990 НАТО за прв пат пружа рака за пријателство и соработка со Советскиот Сојуз и на сите останати Централно и Источно–европски земји. Тоа се случува на седница на Северноатлантскиот Совет во јуни во ја објавуваат т.нар.”Порака од Тернбери”. Месец покасно, во Лондон, државните и владини раководители на земјите од НАТО ја одобруваат Лондонската изјава, во која сојуниците ја објавуваат нивната волја за трансформиран Северноатлантски Сојуз. Изјавата ги содржи предлозите за поширока соработка со земјите од Централна и Источна Европа во политичката и воена област вклучувајќи го воспоставувањето на дипломатски односи.

Во наредната година, во почетокот на ноември, државните и владини раководители на земјите од НАТО ја огласуваат **Римската декларација за мир и соработка** , со која предлагаат на Советскиот Сојуз и другите земји од Централна и Источна Европа поинституционализирани односи и соработка по политички и безбедносни прашања, вклучувајќи го формирањето на Северноатлансткиот совет за соработка (САСС). Поканата е прифатена и во декември 1991 година е одржана првата седница на САСС. На оваа седница Бугарија учествуваше како еден од основачите. За време на седницата беше одобрена “Декларација за дијалог, партнерство и соработка.”

Во почетокот на 1994 година, самитот во **Брисел** отпочнува една голема иницијатива за подобрување на безбедноста и стабилноста во цела Европа, позната како **"Партнерство за мир"** (ПзМ). Сите спремни земји–партнери од САСС и земјите од Заседанието за безбедност и соработка во Европа– идната Организација за безбедност и соработка во Европа (ОБСЕ)– се поканети да се приклучат на **"Партнерството за мир" и да постанат земји-партнери на Алијансата.**

Во 1997 година, во **Синтра**, Португалија, САСС е заменет од Евроатлантскиот Сојуз за партнерство (ЕАСП), чијашто цел е да отпочне нова етапа на соработка.

Самитот во **Мадрид**, во истата година, е почеток на преод кон нова етапа на развојот во НАТО. На самитот е упатена покана до Полска, Унгарија и Чешка за отпочнување на преговори за приклучување кон НАТО. Отворено е ново поглавје во односите со Русија и официјално се ставени основи на партнерство со Украина.

Во април 1999 година , во **Вашингтон е одржан 15-иот самит на НАТО,** со кој се прославува 50–та годишнина на Алијансата. На самитот се поздравени 3–те нови членки –Полска, Унгарија и Чешка и се отпочнати низа иницијативи, вклучувајќи го Акциониот план за членство (АПЧ), кој да им помогне на земјите, кои се стремат кон членството во НАТО. На самитот е прифатена и новата Стратешка концепција на Алијансата која ја оценува променетата средина за безбедност и ја дефинира улогата на НАТО во почетокот на 21иот век.

Наредниот самит во ноември 2002 е во **Прага**. На него официјално е упатена покана кон Бугарија, Естонија, Летонија, Литванија, Романија, Словачка и Словенија да отпочнат преговори со НАТО за присоединување. Донесени се низа решенија во областа на борбата против тероризмот и трансформацијата на воените способности на Алијансата.

На самитот на НАТО во јуни 2004 година во **Истанбул** Алијансата ги поздрави новите 7 членови, између кои и Бугарија. **Со тоа членовите или земјите-сојузници на НАТО набројуваат 26.** Истовремено, Алијансата го објави интересот за партнерство со приоритетните региони на Јужен Кавказ и Централна Азија и одлучи да го интензивира дијалогот со своите 7 партнери од Медитеранскиот дијалог и да лансира нова иницијатива за соработка со земји од регионот на т.нар. Близок Исток.

На самитот на НАТО во **Рига,** на 28–29 ноември 2006 година, државните и владини раководители на земјите–членки го потврдија својот ангажман кон мисијата на НАТО во Авганистан. Објавена беше полната оперативна способност и технолошките приоритети на Силите на НАТО за одговор и нивната спремност за вклучување во одржувањето на целиот спектар од мисии и операции на Алијансата во глобален размер. Лидерите на НАТО ја потврдија политиката на

отворена врата за нови европски членови и ја отпочнаа иницијативата за обука и подготовка– предлог кон државите от Медитеранскиот дијалог и Истанбулската иницијатива за соработка и зацврстување на партнерските односи и размена на искуства.

Претстојниот самит ќе се одржи во пролетта на 2008 година, во **Букурешт.**

**5. Ликот на НАТО денес**

Денес НАТО е организација, на прв поглед, многу поинаква од формираната во 1949 година. Алијансата веќе не е институцијата која ја обезбедуваше одбраната на Западна Европа во тек на четири децении за време на Студената војна, ниту организацијата која во почетокот на 90те години ја набљудуваше транзицијата на Европа.

Опстанокот и уште повеќе просперитетот на НАТО во последниве 15 години не е случајност, ниту каприц на историјата. Клучот кон успехот на Алијансата се крие во самата организација, во основите и начелата на кои се гради и кои до денес остануваат непроменети:

- **споделени вредности**

Всушност, НАТО не е само сојуз за колективна одбрана, а заедница на **споделени вредности**. Во позадина на променливи закани и приоритети во сферата на безбедноста, овие вредности се демократијата, почитување на правата на човекот и врховноста на законот и пред се ги обединува и спојува земјите–членки.

НАТО пружа и важна трансатлантска димензија на напорите за справување со предизвиците пред безбедноста. Алијансата ги обединува Европа и Северна Америка и остварува рамнотежа меѓу различните национални интереси во името на севкупната стабилност и мир.

- **димензии на безбедноста и новата улога на НАТО**

За време на Студената војна улогата и целите на НАТО беа јасно одредени заради заканата што претставуваше Советскиот Сојуз и земјите од социајалистичкиот камп.

Со крајот на Студената војна го нема веќе и традиционалниот опонент на Алијансата. Тоа побара повторна оценка на новата средина за безбедност и повторно дефинирање на улогата на НАТО.

Новата **стратешка концепција на НАТО, објавена во 1999** година ги опишува ризиците за безбедноста како “со многу насоки и тешко предвидливи”. Основните задачи на Алијансата се:

1. Да биде основа на стабилноста во евроатлантската зона;

2. Да биде форум за консултации во врска со прашањата за безбедност;

3. Да врши превантивна и одбранбена функција против секоја закана од агресија против било која од земјите–членки;

4. Да придонесе за ефикасното прекинување на конфликтите и активно да учествува во справувањето со кризи;

5. Да воспоставува односи на партнерство и дијалог со други земји од евроатлантската зона.

Стратешката концепција од 1999 година доаѓа до заклучок дека средината за безбедност продолжува да се променува во целина во позитивен правец.

Но истовремено, земјите се соочуваат со други ризици и извори на несигурност како етнички конфликти, нарушување правата на човекот, политичка нестабилност и економска ранливост.

И покрај тоа, дистрибуирањето на нуклеарно, биолошко и хемиско оружје предизвикува сериозна загриженост, а процутот на технологиите крие ризик супермодерни воени технологии да паднат во рацете на потенцијални непријатели.

Во периодот по 1999 и посебно по атентатите на 11 септември 2001 во САД се дава нова оценка за заканата од тероризам и ризикот што доаѓа од земји со распадната државност. Борбата против тероризмот е меѓу приоритетите на политиката за безбедност, спроведувана од земјите–членки на НАТО.

### 6. Како работи НАТО?

НАТО е меѓувладина организација. Сојуз на суверени држави, обединети во име на безбедноста и заедничките вредности, кои тие ги споделуваат. Решенијата се донесуваат со консензус.

Главниот штаб (ГШ) на НАТО се наоѓа во Брисел. Штабот е постојано седиште на Северноатлантскиот Совет (САС). Во него се наоѓаат националните делегации на земјите–членки, Генералниот секретар и меѓународниот секретаријат, Претседателот на Воениот Комитет и меѓународниот воен секретаријат, дипломатските мисии на земјите–партнери и бројни агенции на НАТО.

Земјите–членки имаат постојани делегации во ГШ кои се раководат од постојани претставници (амбасадори). Во сотавот на секоја делегација има и воен претставник. Работата на постојниот претставник и на воениот претставник се остварува со помош на екипа од цивилни и воени советници и други службеници, кои ја претставуваат нивната земја во различните комитети на НАТО. Фактот дека националните делегации се сместени заедно во ГШ на НАТО многу го олеснува реализирањето

на официјални и неформални контакти помеѓу нив и со земјите–партнери во меѓународниот секретаријат на Алијансата.

Во НАТО се изградени политичка и воена структури кои соодветно се занимаваат со политичките и воени аспекти на дејноста на организацијата и помагаат на органите во донесување на решенија. Врховен орган за донесување на решенија е Северноатлантскиот Совет (САС).

### а. Процес на донесување на решенија- принципот на консензус

Еден од клучевите кон долг живот на НАТО е процесот на донесување на решенија базиран на **принципот на консензус**. Постигнувањето на согласност меѓу сите земји–членки на Алијансата понекогаш не е лесна задача и бара многу напори и време. Често, пред донесување на важно решение треба да се водат долги консултации и дискусии.

На набљудувачите од страна, овој систем може да им се чини сложен и тромав, но тој ја докажал неговата ефикасност и несомнени приоритети. Две од главните достоинства може да се резимират вака:

**Прво**, принципот на консензус дозволува во највисок степен да бидат почитувани суверенитетот и независноста на земјите–членки, како и максимално внимание да им се посветува на нивните интереси во секој конкретен случај.

**Второ**, консензусот им придава максимална политичка тежина на решенијата во НАТО. Тој е најсигурна гаранција дека секое донесено решение има целосна поддршка од земјите–членки, кои со тоа се ангажираат и да го остварат на практика.

### б. Политичка структура

Основните политички и управувачки институции на НАТО, во кои се формира политиката на Алијансата и се донесуваат решенија во сите насоки од неговата дејност, се **Северноатлантскиот Совет (САС), Комитетот за планирање на одбраната (КПО) и Група за нуклеарно планирање (ГНП).**

Најважниот орган за донесување на решенија во НАТО е **Северноатлантскиот Совет. САС** е пред се политичка инстанција во која учествуваат претставници на сите земји–членки. Советот се повикува на различни нивоа: најмалку еднаш неделно на ниво амбасадори (постојани претставници), најмалку два пати годишно на ниво надворешни министри и министри за одбрана и , по потреба, на ниво државни и владини лидери.

Независно од нивото на кое заседава САС, неговите полномошници за донесување на решенија, како и статусот и силата на овие решенија се еднакви. Обично, Советот ги разгледува прашањата од интерес на сите и прашања за кои е потребно да се донесат конкретни решенија, но без ограничување на дискутираната тематика.

**Комитетот за планирање на одбраната** ги разгледува прашањата кои се повеќе поврзани со колективната одбрана и нејзиното планирање. Тој дава насоки на военото раководство на НАТО и има истите овластувања како САС за прашањата од неговата компетентност и одговорност. Најчесто се повикуваат постојаните претставници, но два пати годишно Комитетот заседава и на ниво министри за одбрана.

Министрите за одбрана редовно се среќаваат и во рамките на Групата за нуклеарно планирање. Во неа се разгледува широк спектар од специфични политички прашања на нуклеарна политика како располагање на нуклеарни сили, безбедност, сигурност и контрола врз нуклеарното оружје, комуникативни и информативни системи, и повеќе севкупни проблеми како што е дистрибуирањето и проширувањето на нуклеарното оружје.

Франција, која не учествува во интегрираната воена структура на НАТО, не присуствува на седниците на КПО и ГНП.

На САС и КПО се потчинети бројни комитети кои разгледуваат специфични аспекти на активноста на НАТО– политички, воени, економски. Во нив се претставени сите земји–членки. Примерите за такви комитети се многу Политички комитет, Комитет за преглед на одбраната, Економски Комитет, Комитет на НАТО за инфраструктурата и т.н.

Процесот на консултирање во разните комитети ја опфаќа и научната дејност на НАТО и програмите во областа на заштита на животната средина. Со такви прашања е поврзана дејноста на Научниот Комитет и Комитетот за предизвици пред современото општество.

Заедничките дејности на НАТО со земјите–партнери исто е предмет на постојани консултации со претставници на тие земји–партнери во рамките на различни форуми во рамките на НАТО. На пример, Евроатлантскиот Совет за партнерство, Советот НАТО–Русија, Комисијата НАТО–Украина, Групата за Медитеранска соработка.

### в. Улогата на Генералниот Секретар на НАТО

Генералниот секретар (ГС) е највисокиот меѓународен службеник кој се именува от земјите–членки. Тој насочува и раководи со процесот на консултации и на донесување на решенија во НАТО. Тој е претседател на **Северноатлантскиот Совет (САС),** и на други високи комитети. Може да предлага теми за разгледување и да ја користи

својата функција на независен и беспристрастен претседател за да ги насочува дебатите кон консензус во интерес на севкупната Алијанса.

Истовремено, ГС нема овластувања сам да донесува решенија за политиката на НАТО и може да постапува во име на организацијата само доколку владите на земјите–членки го овластуваат. ГС е и основниот портпарол на Алијансата и раководи со меѓународниот секретаријат.

**г. Меѓународен Секретаријат**

Меѓународниот Секретаријат (МС) помага на работата на САС и комитетите , потчинети на овој совет. Истиот се состои од персонал од земјите–членки, директно примани од НАТО или именувани од нивните влади обично за период од 3–4 години. членовите на МС се потчинети на ГС и го прифатиле ангажманот да бидат лојални кон организацијата во целиот период на своето назначување.

Од неговото формирање во 1951 година до денес МС е повеќекратно реструктуиран. По последните промени во 2003 година денес истиот ја опфаќа Канцеларијата на ГС, шест дирекции на чело на секоја од нив стои помошник–генерален секретар и Службата на НАТО за безбедност.

**д. Воена структура**

Воената структура на НАТО е потчинета на **Воениот Комитет** (ВК).Тој е највисоката воена инстанција на Алијансата, но останува потчинет на политичкото раководство на САС. На седниците на највисоко ниво учествуваат началниците на генералните штабови, а во секојдневната работа– воените претставници на земјите–членки. Комитетот изработува препораки до политичките органи на НАТО во врска со воената политика и стратегија и одговара за севкупното реализирање на воените дејности на НАТО. ВК заседава периодично со учество на земјите–партнери од ЕАСП/ПзМ.

Претседателот на ВК се избира од началниците на генерални штабови за рок од 3 години. Претседателот постапува исклучиво во својство на меѓународен службеник и овластувањата произлегуваат од самиот ВК пред кој претседателот одговара.

Работата на ВК се потпомага од **меѓународниот воен секретаријат (МВС**), кој е составен од воени службеници, именувани од земјите–членки на **меѓународни функции во ГК на НАТО.**

ВК издава директиви и на стратешките главни команданти на НАТО.

## е. Главни команданти на НАТО

Стратешките главни команданти на НАТО се двајца: Врховен сојузен главен командант за Европа (САКЕУР - SACEUR) со Штаб квартира во Монс, Белгија и Врховен сојузен главен командант за трансформација (САКТ - SACT) со Штаб квартира во Норфолк, државата Вирџинија во САД.

САКЕУР е на чело на сојузното командување на операциите, кое раководи со вооружените сили, испраќани од сојузниците. Тој е надлежен за сите операции на НАТО, независно од неговата местоположба, и истовремено е началник на европското командување на САД.

САКТ има функционална улога. Како началник на Сојузното командување за трансформација тој е надлежен за поттикнувањето и контролата на понатамошната трансформација на силите и воените способности на НАТО. Тој исто има двојна улога затоа што е и Главен командант на обединетите сили на САД.

Порано поделувањето на одговорностите меѓу двајцата се остваруваше на географски принцип: САКЕУР одговараше за операциите на НАТО во Европа, а врховниот сојузен главен командант за Атлантскиот океан (САКЛАНТ) – за операциите во зоната на Атлантикот. Новата командна структура е одобрена на Самитот во Прага во ноември 2002 година. Таа е знак за ангажманот на НАТО да ги развие своите одбранбени способности , како и спремноста за учество во операции.

## ж. Вооружени сили

Терминот “сили на НАТО” би можел да ги заблуди тие кои не ја познаваат организацијата. Всушност, Алијансата не располага со постојана армија. Секоја земја–членка, која учествува во воената структура, се ангажира да испрати на НАТО одреден вид и број на војска за реализирање на претходно договорени задачи или операции.

Како правило, поголемиот дел од силите на НАТО целосно останува под национална команда до нивното испраќање за потребите на НАТО во конкретна операција. Исклучок се прави само за персоналот на интегрираните воени штабови на Алијансата, како и за некои оперативни сили, како на пример Силите за рано предупредување и управување од воздух, кои ги одржуваат постојаните справи за комуникација, противвоздушна одбрана и набљудување. Исти се и Постојаните военоморски сили составени од ограничен број на бродови и персонал од военоморски сили на некои земји–членки.

Од формирањето на НАТО главната задача на вооружените сили секогаш била да ги гарантират безбедноста и територијалниот

интегритет на земјите–членки. Но, по крајот на студената војна, улогата на вооружените сили доживува некои длабоки промени, кои се наложени од новата изградувана средина за безбедност во трансатлантската зона и во светот.

Промените во вооружените сили на НАТО по крајот на Студената војна се како квантитативни, така и квалитетни. Дел од нив се реализирани, а други се уште се во процес на остварување. По крајот на Студената војна вкупниот број на составот на обичните вооружени сили е значително намален. Поконкретно, од почетокот на 90те години досега персоналот на сувоземните сили, доделени на НАТО од земјите–членки , е намален со 35%, а бројот на големите бродови во военоморските сили е намален со 30%, додека бројот на бојните ескадрили на военовоздуишните сили со околу 4%. Поголемиот дел од силите веќе не се одржува во висок степен на спремност и се реструктуирани за да се засили флексибилноста, мобилноста и нивната оперативна здружливост.

На Самитот во Прага од 21–22 ноември 2002 се отпочнаа три клучни иницијативи за воена трансформација, кои играат главна улога за адаптирање на воените способности на НАТО:

1. Создавање на Сили на НАТО за реакција **(NATO Response Forces - NRF)**. Тие сили, кои набројуваат околу 22 илјади лица, ќе вклучуваат сувоземни, военовоздушни и военоморски компоненти со спремност за располагање во рамките на 5 дена. Церемонијата за создавање на Силите на НАТО за реакција се одржа на 15 октомври 2003, во Брунсум, Холандија. Целосната оперативна спремност на силите требало да се обезбеди најкасно до октомври 2006 година;
2. Во рамките на т.нар. **Прашки ангажман за воените способности** (**Prague Capabilities Commitment**) сојузниците преземаат поединечни политички одговорности за подобрување и развој на нивните одбранбени способности во широк спектар од области;
3. **Рационализирање на командната структура на Алијанса.** Двете стратешки командувања за Европа и Атлантскиот океан беа трансформирани во Стратешко командување за операциите и Стратешкото командување на трансформацијата. Бројот беше намален од 20 на 11 и беа оптимизирани регионалните и потчинетите команди.

## 7. Финансирање на НАТО

Буџетот на НАТО се формира од годишната членарина на земјите–членки чиј износ се одредува со формула за поделување на трошоците, одобрена од сојузниците.  На практика, членарината е дел од буџетот за одбрана на земјите.

Заеднички финансираните буџети се поделени на граѓански, воен и буџет за заеднички финансирана инфраструктура.

Граѓанскиот буџет ги опфаќа оперативните трошоци за Меѓународниот секретаријат (МС) на НАТО, граѓанските програми и дејности, како и трошоци за изградување, експлоатација и поддршката на прибори и опрема за средбите на комитетите и работните групи.

Воениот буџет ги покрива оперативните трошоци за поддршка на интегрираната воена структура, вклучително на Воениот комитет, Меѓународниот воен секретаријат и поврзаните со нив агенции, двете стратешки командувања и поврзаните со нив системи за команда и контрола и информативни системи, истражувачки и развојни агенции, агенциите што работат на снабдувањето и логистиката и системот АУАКС.

Програмата на НАТО за инвестиции во безбедноста (NATO Security Investment Program - НСИП) обезбедува финансирање на проекти во сферата на воената инфраструктура во земјите од НАТО. Поконкретно, објект на финансирање се информативно–комуникативните системи, радари, воени штабови и летишта, нафтоводи, складишта, опрема на пристаништа и други. Сите сојузници се по право членови и на НСИП. Исклучок прави единствено Франција која не е член на интегрираната воена структура.

Буџетите се контролираат од Комитетите за граѓански и воен буџет, од Комитетот за инфраструктура и од Сениорниот борд за ресурси. Во тие органи се претставени сите земји–членки. Буџетите на НАТО, а се подлежни и на надворешна контрола.

## 8. Парламентарна Асамблеја

Парламентарната асамблеја на НАТО (ПА на НАТО), позната во минатото како Северноатлантска асамблеја е меѓупарламентарна организација, формирана во 1955 како форум, кој обединува законодавци од земјите–членки на НАТО за разгледување на прашања од севкупен интерес. Во последните 15 години Асамблејата значително го прошири својот персонал и мандат.

Асамблејата е целосно независна од НАТО, но претставува сврзувачка спојка  меѓу националните парламенти  и НАТО  кое ги поттикнува владите да насочат внимание кон интересите на Алијансата

во процесот на разработување на своето национално законодавство. Асамблејата претставува исто важно мерило за односот на јавното мислење и парламентите кон проблемите на НАТО, а реализираните дискусии во неа даваат јасна идеја за јавните и парламентарни ставови по повод политиката на Алијансата. Во таа смисла Асамблејата игра индиректна, но важна улога за формирање на оваа политика.

### 9. Асоцијацијата на Атлантскиот договор

Асоцијацијата на Атлантскиот договор (АТА) е невладина организација, формирана по идеја на НАТО во 1954 од претставници на земјите–членки на Алијансата со основната задача и цел да работи во условите на Студената војна за формирање на позитивно јавно мислење во врска со прашањата за мисијата на НАТО. По паѓањето на Железната завеса, АТА се трансформира во организација за разјаснување и распространување на евро–атлантските вредности и надвор од територијата на земјите–членки на Алијансата. Го измени Уставот, дозволувајќи на земјите, кои не се членки на НАТО, но се појдени по патот на евро–атлантската интеграција, да бидат зачленети. Во 1992 **Атлантскиот клуб** во Бугарија беше примен за прв асоцииран член на АТА од земја, која не е член на НАТО.

Целите на Асоцијацијата на Атлантскиот договор се:

- да ја образова и информира јавноста за мизиите и одговорностите на Организацијата на Северноатлантскиот договор (НАТО);
- да ги проучи различните задачи и дејности на НАТО и нивниот развој во земјите од Централна и Источна Европа, како и да одржи дијалог со Медитеранските земји;
- да придонесе за солидарноста меѓу народите во Северноатлантскиот простор и партнерите во Иницијативата Партнерство за мир;
- да го потпомага развојот на демократијата;
- да ја поттикнува соработката меѓу своите членови.

Во почетокот на 2006 година АТА го премести својот Централен офис од Париз во Брисел и Асоцијацијата беше повторно регистрирана во склад со Белгиското законодавство.

### 10. Трансформација на НАТО - димензии

Динамичната промена на средината за безбедност бара од НАТО да се трансформира за да остане ефикасен. Алијансата треба да најде

нова рамнотежа меѓу традиционалните мисии, концентрирани во Европа и справувањето со глобалните закани. Треба да обезбеди побрзи, пофлексибилни и ефикасни воени способности, кои успешно да спротивставува на овие закани. Во новата средина за безбедност се повеќе се чувствува потребата од потесна и активна соработка со се поширок круг од партнери.

Заканите со кои денес се соочува НАТО потенцијално не се толку апокалиптични како за време на Студената војна, но се сосема реални, многу често непредвидливи и асиметрични. Тероризмот, распространувањето на оружје за масовно уништување, етничките конфликти– теми од современата агенда за безбедноста – бараат од НАТО да се адаптира за да продолжи да одговара на потребите од повеќе сигурност и стабилност на своите членови.

Трансформацијата на НАТО има различни димензии кои можат да бидат резимирани како **нови мисии, нови способности, нови членови и нови партнери.**

**ДОТУКА сфативме како Алијансата работи за изградување на воени способности** кои да ја направат уште поефикасна во променетата средина за безбедност.

Ги проследивме етапите за проширување на НАТО во годините на Студената војна, а понатаму ќе ги разгледаме перспективите за асоциирање во иднина на нови членови.

Во однос на новите **партнери** веќе беше спомната промената во фокусот на партнерството кон Јужен Кавказ и Централна Азија, како и желбата на Алијансата за поинтензивна соработка со земјите од Медитеранот и широкиот Близок Исток.

**ПОНАТАМУ ќе ги разгледаме мисиите кои НАТО** одржува до моментов во и надвор од традиционалната трансатлантска зона **на одговорност.**

## 11. Проширување на НАТО - политика на “отворени врати”

Во Истанбул, на Самитот во 2004, НАТО ја потврди својата политика на “отворени врати”. Раководителите на земјите–членки го поздравија постигнатиот напредок на Албанија, Македонија и Хрватска во исполнувањето на Акциониот План за членство во НАТО, како и нивниот придонес за регионалната безбедност и соработка. Тие ги поттикнаа понатамошните напори на кандидатките за остварување на потребите за членството реформи и се ангажираа да продолжат да даваат поддршка за овие реформи.

Не без активната улога на Бугарија беше преземен и ангажман

на наредниот Самит на НАТО да биде остварен преглед на постигнатиот напредок од земјите кандидатки по патот за полноправно членство. Тоа е важна индикација за принципиелната можност ако се покриени сите критерии, да бидат поканети тие кандидати, кои се во состојба да преземат одговорностите, кои проистекуваат од членството во НАТО.

За време на Самитот во Рига во ноември 2006 лидерите на НАТО ја потврдија политиката на отворени врати за нови европски членови. Напорите на трите Балкански држави со Акционен План за членство, Албанија, Македонија и Хрватска, беа поздравени во Заклучната Декларација. Алијансата ги објави своите намери да ги покани земјите кои одговаратт на критериумите на НАТО за членство на наредниот Самит во 2008. Земјите–членки на Алијансата ги поканија Босна и Херцеговина, Црна Гора и Србија да се присоединат кон Парнерство за мир со цел да се потпомогнат процесите за стабилизација во регионот.

## 12. Мисии и операции на НАТО

### а. Зона на одговорност на НАТО

Еден од најважните аспекти во трансформацијата на НАТО е решението за почнување на операции за поддржување на мирот и управување со кризи во евроатлантската зона и надвор од неа. Денес би можеле да го дефинираме НАТО **како регионална организација со глобални одговорности**. Алијансата се трансформира во организација која признава дека заканите веќе не се ограничени во еден простор и која е спремна да се соочи со нив каде и кога тие се појават.

Во 90–те години НАТО птв пат се ангажира на Балканот, каде крвавите конфликти по распаѓањето на бивша Југославија предизвикаа сериозна закана не само за безбедноста во регионот, но и во Европа во целина. Со својата мисија во Авганистан и програмата за обука во Ирак, Алијансата докажа дека е подготвена да се справува со предизвици и надвор од традиционалната сфера на одговорност –евроатлантската.

На Самитот на НАТО во Рига, 28–29 ноември 2006 година беше објавена целосната оперативна способност и технолошките приоритети на Силите на НАТО за одговор и нивната подготвеност за вклучување во примената на целиот спектар од мисии и операции на Алијансата во глобален размер. Земјите–членки на НАТО ги одобрија Општите политички прописи, кои ги опишуваат приоритетните области за трансформирање на Алијансата, за изградба на оперативни способности, планирање и разузнавање, пофлексибилни експедициони сили–параметри во рамките на кои се развиваат стратешките цели за наредните 10–15 години. Прописите ставаат акцент врз основните

закани пред Алијансата: тероризмот и дистрибуирањето на оружје за масовно уништување, т.нар. “упропастени ” земји, регионални кризи, употреба на нови технологии за терористички цели, како и неправилно поделување на животни ресурси.

### 6. НАТО на Балканот-Босна и Херцеговина, Косово, Република Македонија*

По распаѓањето на бивша Југославија, НАТО изигра клучна улога на Балканот.

Во периодот од 1992 до 1995 НАТО активно ги поддржува напорите на ООН за прекинување на војната во **Босна и Херцеговина**. Воздушните атаки против силите на босанските срби во август и септември 1995 година го променуваат соодносот на силите на земјата и така , во голема степен, придонесуваат за договарањето и потпишувањето на Дејтонската мирна спогодба, на крајот на истата година. Денови покасно, со мандат на ООН, Алијансата испраќа во Босна и Херцеговина мултинационални сили за примена на мирната спогодба (Implementation Force – ИФОР). Истите треба да ги прекинат бојните дејствија; да ги разделат армиите на двете новоформирани административни единици (Федерација Босна и Херцеговина и Република Српска); да го контролираат префрлувањето на територии меѓу двете единици, како и да го складираат тешкото вооружение на одредените за тоа места. Целите се постигнати, а во декември 1996 ИФОР се заменети со помалобројни Стабилизациски сили (Stabilization Force – СФОР).

Покрај обезбедување на стабилна средина за непречено продолжување на мирниот процес, СФОР се ангажираат и со поддршка на низа граѓански организации, кои работат на изградување на траен мир во Босна и Херцеговина. СФОР помагаат за враќањето на бегалците и иселените лица во нивните куќи, придонесуваат за реформирање на босанските вооружени сили и помагаат за задржување на обвинетите во воени злочини и нивното изведување пред Меѓународниот суд во Хаг за воени злочини во бивша Југославија.

Со воспоставувањето на безбедноста во земјата, составот на силите постепено беше редуциран, а во крајот на 2004 СФОР ја заврши својата мисија.

На 2 декември 2004 главната одговорност за стабилизирање на мирот во земјата беше преземена од Воената мисија на Европската Унија (ЕУ) ”Алтеа”.  Со цел обезбедување на лесна транзиција и подобра

* Бугарија го признава Уставното име на Македонија.

координација со ЕУ, НАТО го задржа присуството во Босна и Херцеговина со воен штаб во Сараево.

НАТО употреби воено вмешување во **Косово по едногодишна ескалација на насилство и упорно непочитување од страна на режимот во Белград на резолуциите на Советот за безбедност** на ООН, кои повикуваат да се прекратат репресиите против албанското население во областа. По употреба на сите можни средства и по уште еден неуспех на мирните преговори за смекнување на тврдата позиција на Белград, во март 1999 Алијансата одлучи да отпочне воздушни напади против воените и паравоени структури на југословенката влада. Воздушната кампања траеше 78 денови. По потпишувањето на воено–техничка спогодба меѓу НАТО и Југословенското командување, со мандат на ООН во провинцијата се испратени Сили за Косово, раководени од НАТО (Kosovo Force – КФОР). Тие треба да го спречат евентуалното обновување на бојните дејствија, да ја разоружат Армијата за ослободување на Косово и да ги поддржуваат хуманитарните операции на мисијата на ООН во Косово (УНМИК) и други меѓународни и невладини организации.

Операцијата на НАТО во Косово породолжува и сега. Во тесна соработка со УНМИК Алијансата помага за изградување на средина на безбедност, во која сите граѓани, независно од нивното етничко потекло, да живеат во мир. Тоа е тешка задача, која бара време, но оздравувањето на граѓанската сфера е во тек и локалните жители постепено се враќаат кон нормалните услови на живот. Во тек се преговорите во врска со прашањата за статусот на Косово, водени од Марти Ахтисаари, специјален пратеник на Генералниот Секретар на ООН.

Во Македонија НАТО се вмеша во август 2001 на барање на македонскиот претседател да ги разоружува групите етнички албанци, кои се обидуваа да ја принудат државната власт да им обезбеди повеќе права на етничкото албанско малцинство и чии дејствија ја застрашуваа сигурноста и стабилноста на државата. Во рамките на 30дневна операција 3500 натовски војници успеаа да одземат 4000 оружја. Оваа акција дозволи да се одбегне граѓански конфликт и ја подготви почвата за помирување и обновување на земјата. Потоа, Алијансата беше замолена да задржи во Македонија мал број на сили за гарантирање заштитата на набљудувачите од ЕУ и ОБСЕ. Набљудувачите ја контролираат примената на рамковниот мирен план–договор меѓу претставниците на етничката албанска заедница и владата на Македонија.

Во март 2003 мисијата на НАТО во Република Македонија е преземена од Европската Унија..

### в. НАТО во Авганистан

Во август 2003 НАТО ги презема меѓународните сили за поддржување на сигурноста во **Авганистан** (ИСАФ), чија улога е да ја потпомогнат привремената влада на Авганистан во создавање на средина на безбедност за граѓаните на Кабул и околината. Во овој момент земјата се обидува да се обнови по две децении граѓанска војна, по која следеше разорувачкото управување на талибаните, кои даваа засолниште на терористи.

ИСАФ се меѓународните сили со мандат на ООН, кои се фомирани во декември 2001 година. Нивната прва операција се раководи од Велика Британија со учество на контингенти од други земји, повеќе од нив членки на НАТО. Раководството на ИСАФ–2 во Авганистан е преземено од Турција, а тоа на ИСАФ–3 – ќе биде преземено заеднички од Германија и Холандија . Првоначелниот мандат на силите се ограничуваше до операции во Кабул и неговата околина, но од октомври 2003 со резолуција на СС на ООН е проширен и за операции надвор од Кабул.

НАТО прифати да ја прошири својата мисија надвор од Кабул со формирање на граѓанско–воени Провинцијални екипи за обновување (ПРТс) во различни провинции и со привремено обезбедување на сили на ИСАФ за вршење на конкретни задачи. Уште во крајот на 2003 Алијансата го преземе командувањето на ПРТ, раководен од Германија во провинција Кундуз. До октомври 2004 година, кога заврши првата фаза на проширување на ИСАФ, НАТО веќе има можност да влијае на средината за безбедност во 9 провинции во северен Авганистан.

Во февруари 2005 започна фаза 2, по чие завршување ИСАФ на практика ја презеде одговорноста за безбедноста на 50% од територијата на Авганистан.

На Самитот на НАТО во Рига на 28–29 ноември 2006 година, државните и владини раководители на земјите–членки го потврдија својот ангажман кон мисијата на НАТО во Авганистан и направија преглед на постигнувањата на Алијансата, претстојните задачи и идните приоритети за гарантирање на мирот и стабилноста на земјата.

### г. Улогата на НАТО во Ирак

На седницата на Северноатлантскиот Совет на ниво државни и владини раководители на 28 јуни 2004 во Истанбул е одобрена Декларација за Ирак која изразува признавање и целосна поддршка за мултинационалните сили во Ирак.

Врз основа на резолуција бр. 1546 на Советот за безбедност на

ООН се отпочна Мисијата на НАТО во Ирак (НТМ–И). Во суштина таа мисија нема боен карактер. Нејзина непосредна цел е обучувањето на вооружените сили и силите за безбедност на Ирак.

НТМ–И е посебна операција, но ги дополнува другите меѓународни напори во процесот за обновување на Ирак. Штабот на мисијата се наоѓа во т.нар. зелена зона на Багдад.

### 13. Улогата на НАТО во граѓанската безбедност

Сојузниците на НАТО од години соработуваат во областа на граѓанското планирање за вонредни ситуации. Во поблиското минато оваа соработка ги опфати и партнерите. Остварен е значаен напредок во управувањето со ресурсите за справување со вонредни ситуации.

За да се одговори на потребноста од покоординирани евроатлантски способности за реагирање во случај на несреќи, во 1998 во Главниот Штаб на НАТО е формиран Евроатлантски координативен центар за реагирање во случај на неволи (ЕАДРЦЦ). Преку овој центар се собира информација и се организираат вежби за реагирање во вонредни ситуации, во кои се даваат практични одговори на симулирани природни несреќи и неволи по причина на луѓето.

**Примери**: ЕАДРЦЦ зеде учество во операциите за хуманитарна помош за време на бегалската криза во Косово и изврши многу полезна работа за време на тешките поплави во Украина, Романија, Унгарија, Албанија и Чешка; за време на земјотресот во Турција во 1999; за време на горските пожари во Македонија и Португалија; како и за време на тешките метереолошки услови во Украина и Молдовија и земјотресот во Пакистан во 2005 година.

### 14. Соработка со другите организации

Независно од улогите на Северноатлантскиот Сојуз, ОБСЕ И другите меѓувладини организации, кои учествуваат во пошироките евроатлантски рамки за сигурност, продолжуваат да се разликуваат суштински и практичната соработка и взаемна поддршка меѓу нив постануваат се попотребни.

**• ООН**

Од 1949 година до крајот на Студената војна контактите меѓу структурите на ООН и органите на НАТО се исклучиво ограничени во обем и содржина. Но, настаните во Европа од почетокот на 90те години како конфликтот во бивша Југославија и распаѓањето на Варшавскиот договор го променуваат тоа.

Готовноста на НАТО да пружа поддршка за миротворни операции во рамките на овластувањата на Советот за безбедност на ООН е изјавена официјално од надворешните министри од НАТО во декември 1992 г.Извршен е преглед на веќе применитe мерки од земјите–членки на НАТО на индивидуална база или во рамките на Алиансата и е укажано дека Алиансата е готова да одговори позитивно на можни понатамошни иницијативи на генералниот секретар на ООН, барајки поддршка од НАТО во оваа област.

Во 1992 г. на фонот на разраснувачкиот конфликт во поранешна Југославија, бродови на НАТО од Постојаните военоморски сили во Средоземно море, потпомагани од авиони на НАТО за морско патролирање , преземаат операции за набљудување во Јадранско море за пружање на поддршка по примената на наложеното од ООН ембарго врз испораката на оружје за сите поранешни југословенски републики.Во ноември 1992 г. НАТО и Западноевропската унија (ЗЕУ) преземаат операции за обезбедување примената на резолуциите на Советот за безбедност на ООН, кои целат да се спречи ескалацијата на конфликтот во резултат на дополнително префрлување на оружје кон регионот.

Потоа, по потпишувањето во 1995 г. на Дејтонскиот споразум, активната практичка соработка меѓу НАТО и ООН во Босна и Херцеговина продолжува во рамките на мандатот на двете мултинационални сили во земјата – ИФОР и подоцна со заменетите СФОР.

Друг пример за соработка е Косово, каде од самиот почеток на конфликтот во 1998 г. и за време на целата криза се поддржани тесни контакти меѓу Генералниот секретар на ООН и Генералниот секретар на НАТО, макар што резолуција на ООН во поткрепа на воздушните удари во Косово не е примена.

Надвор од контекстот на поранешна Југославија, пред лицето на други закани за мир во светот, земјите од НАТО, макар и индиректно ангажирани во својството на земји–членки на Алиансата, укажуваат поддршка и поткрепа на напорите на Советот за безбедност и Генералниот секретар на ООН, насочени кон спречување на конфликти и воспоставување на надмоќноста на меѓународното право. Во првите месеци на 1998 г. во контекстот на примената на резолуциите на Советот за безбедност на ООН за Ирак и утврдениот меѓународен режим на инспекции со цел откривањето и уништувањето на оружја за масовно уништување и на средствата за нивното производство, НАТО повика Ирак да се придржува стриктно кон поставените му услови.

Денес НАТО И ООН заеднички соработуваат во Авганистан.

На 11 ноември 2004 г. е остварено прво учество на Генерален секретар на Алијансата на седница на Советот за безбедност на ООН.

Седницата е посветена на темата Босна и Херцеговина. Во својот говор Јан де Хоп Схефер инсистира на значењето на НАТО како сигурна рамка за дијалог и дејство и потцрта дека НАТО не се стреми кон улогата на " светски полицаец". Според неговите зборови, проширувањето на опфатот на мисиите на Алијансата го зголемува потенцијалот за соработка со ООН.

**• ЕВРОПСКА УНИЈА**

Во периодот од 50–те до крајот на 89–те години меѓу НАТО и Европската заедница (ЕЗ) не се изградуваат институционални врски.

Со потпишувањето на Договорот за Европската унија (ДЕУ) во 1991 г. и неговото стапување во сила во 1993 г., земјите од ЕУ се договараат за формирањето на Општа надворешна политика и политика за безбедност (ОНППБ). Договорот вклучува и одредување на рамки за општа одбранбена политика.

Искуството од Балканот во 90–те години мобилизира европските земји да преземаат дејства. ЕУ ги убрза напорите за создавање на европска политика за безбедност и одбрана, со соодветните способности за дејство.Во почетокот, од името на ЕУ, прашањата на безбедноста и одбраната се разгледуваат од одделна група европски земји, обединети под името Западноевропска унија (ЗЕУ). Но на состанокот на врвот на ЕУ во Хелзинки во 1999 г. е земена одлука Унијата да развие својата сопствена улога во областа на безбедноста и одбраната и да формира неопходните за целта структури.

На средбата на врвот во Вашингтон во м. април 1999 г. лидерите од НАТО ја одобруваат намерата на ЕУ да игра сопствена улога во областа на безбедноста и изразуваат спремност да понудат и преземаат мерки, за да може значителен дел од воените способности на Алијансата да се препуштат на раководени од ЕУ операции, во кои НАТО нема да се ангажира воено. По решенијата на ЕУ од Хелзинки од крајот на истата година, НАТО започнува дискусија и директни консултации со Унијата односно можностите за соработка меѓу двете организации.

Подоцна се прецизирани и нови форми на соработка. Во м. декември 2002 НАТО и ЕУ потпишуваат заедничка декларација за развивање на стратешкото партнерство меѓу нив. Во м. март тие примаат низа документи за соработка во областа на регулирање на кризи, вклучувајќи пакет од спогодби, познат како " Берлин плус", по силата на кој средствата и способностите на НАТО можат да бидат користени во раководени од ЕУ операции.

Оперцаија " Конкордија" во Македонија во 2003 г. е првата миротворна операција на ЕС , остварена на база механизам " Берлин плус". На истата база кон моментот се извршува и операција " АЛТЕЈА"

на ЕС, која замени СФОР на НАТО во Босна и Херцеговина.

НАТО и ЕУ соработуваат тесно и во паралелно спроведуваните во двете организации процеси на изградување на воените способности.

Алијансата и Унијата не еднаш демонстрираат и волја да се борат со заеднички напори спроти меѓународниот тероризам и распространувањето на оружјата за масовно уништување.

Од 2003 г. ЕУ и НАТО применуваат “усогласуван приод” кон Западниот Балкан, кое е доказ за споделени намери и решителност за трајно стабилизирање на регионот.

Со цел координирање на соработката во различните сфери, ЕУ и НАТО спроведуваат редовни официјални и работни седници на различни нивоа.

**• ОБСЕ**

Во својството на единствен форум, кој обединува сите земји од Европа, Канада и САД, Организацијата за безбедност и соработка во Европа / ОБСЕ/ претставува клучна компонента од архитектурата за безбедност во Европа. Организацијата обезбедува сеопфатни рамки за соработка во областа на човековите права, основните слободи, демократијата, врховенството на законот, безбедноста и економијата.

Од самото појавување на СБСЕ/ОБСЕ НАТО активно ја поткрепува неговата дејност.Во Мадридската декларација за евроатлантската безбедност и соработка од 1997 г. државните и владини раководители од НАТО признаваат ОБСЕ како најсеопфатната организација за безбедност во цела Европа.Тие потцртуваат суштинската улога на ОБСЕ за обезбедување на мир, стабилност и безбедност во Европа и истакнуваат важноста на принципите и обврските примени од ОБСЕ како основа за развитокот на сеопфатни колективни структури за европската безбедност.

Тесна практичка соработка меѓу двете организации е остварена во рамките на меѓународните напори за постигање на мир во поранешна Југославија, посебно во заемните односи меѓу ОБСЕ и ИФОР, а подоцна и СФОР во Босна и Херцеговина и меѓу ОБСЕ и КФОР во Косово. Така например ИФОР оеѕжа помош на ОБСЕ при подготовката на изборите во септември 1996 г. СФОР дава аналогична поддршка на ОБСЕ при планирањето и спроведувањето на општинските избори во 1997 г.

Кризата во Косово ја издигна соработката меѓу ОБСЕ и НАТО на ново ниво. И до денес, КФОР продолжува да поткрепува ОБСЕ, како и останатите меѓународни организации, ангажирани во Косово, обезбедувајки им неопходната средина на безбедност за извршување на нивните задачи.

Зајакнувањето на соработката меѓу НАТО и ОБСЕ беше меѓу приоритетите на бугарското претседателство на ОБСЕ во 2004 г.

### 15. НАТО и спротивстовување на меѓународниот тероризам

На 12 септември 2001 г. САС на НАТО ги објави терористичките напади спроти САД од 11 септември за **вооружен напад против сите членови на Алијансата. На овој начин за прв пат во историјата на НАТО беше применет член 5 од** Вашингтонскиот договор**.**

Една година подоцна , на состанокот на врвот во Прага сојузниците одобруваат низа иницијативи за зацврстување на способностите на НАТО за борба со тероризмот и другите нови закани за безбедноста. Примена е воена концепција за одбрана против тероризмот. Одобрен е План за дејство против тероризмот, кој опфаќа и земјите–партнери и предвидува размена на разузнувачка информација и подобрување степента на подготовка на граѓанскиот сектор за евентуални атаки против цивилното население со нуклеарно, хемиско и биолошко оружје (НХБО).

Одобрени се пет иницијативи во областа на заштитата од НХБО, а еден од непосредните резултати од ова е создавањето во декември 2003 г на мултинационален Баталјон за одбрана спроти хемиски, биолошки, радиолошки и нујклеарни оружја (ЦБРН) со штаб во Либерец, Чешката република.Баталјонот, во кој учествуваат 13 земји–членки на НАТО е составен дел од Силите на НАТО за одговор.

Освен тоа започнува истражување во областа на противракетната одбрана, како и за зацврстување на способностите против кибернетички атаки.

Во ноември 2003 г. во Главната квартира на НАТО е создаден и веќе функционира постојан Разузнувачки сектор за терористички закани, чија цел е да ги зголеми можностите за размена на разузнувачка информација меѓу земјите–членки на НАТО.

Создаден е механизам за размена на разузнувачка информација по терористички закани со земјите– партнерки од ЕАСП и Медитеранскиот дијалог на НАТО.

На состанокот на највисоко ниво на НАТО во **Истанбул** во јуни 2004 г. државните и владините раководители утврдија засилен пакет од мерки за борба против тероризмот.

На состанокот на врвот во **Рига** во 2006 г. НАТО ги определи тероризмот, заедно со распространувањето на оружјата за масовно уништување, како основни закани за наредните 10–15 години.

### 16. НАТО и Русија

НАТО ја започнува соработка со Русија уште во почетокот на 90–те години. Смисолот на оваа соработка е јасен: таа дозволува полесно да бидат совладани општите предизвикувања за безбедноста. Учеството на Русија е од беспорно значење за секој широкоопфатен систем на безбедност во Европа по крајот на Студената војна.

Макар односите со Русија да се уште од почетокот на 90–те (во 1991 земјата станува член– основач на Северноатлантскиот совет за соработка, а од 1994 г учествува во Партнерство за мир), вистинските основи на партнерството НАТО – Русија се ставаат со **Основачкиот акт** (**NATO - Russia Founding Act**), потпишан во Париз на 27 мај 1997 г. Со него се создава **Постојан заеднички совет** НАТО – Русија (ПЗС) како форум за редовни консултации во областа на безбедноста.

Амбициите, одразени во Оснивачкиот акт не се исцело остварени во рамките на ПЗС. Истовремено, разликите меѓу НАТО и Русија во поглед на косовската криза и воздушната кампања, остварена од Алијансата во 1999 г., доведуваат до едногодишно прекинување на седниците на Постојаниот заеднички совет.

Трагичните настани од 11 септември 2001 г. даваат нов импулс на односите. Во м. мај наредната година Русија и НАТО потпишуваат **Римската декларација** со која , на местото на Постојаниот заеднички совет е создаден нов форум за соработка **– Советот на НАТО - Русија** (СНР). По суштина, ова е механизам за консултации, изградување на консензус, земање на општи решенија и преземање на заеднички дејства, во рамките на кој ,земјите–членки и Русија си соработуваат како рамноправни партнери.

СНР се занимава со сите области од заемен интерес, како за целта кон него се создадени низа работни групи и комитети и тоа: борбата против тероризмот; нераспространувањето на оружја за масовно уништување; управување на кризи; контрол над вооружувањата и изградување на мерки за зацврстување на довербата; воената соработка; одбранбената реформа; граѓанското планирање при вонредни ситуации; научната соработка и други.

Соработката меѓу НАТО и Русија се проширува и задлабочува. Крајот на 2004 г. и почетокот на 2005 г. даваат немалку примери за тоа. Во декември 2004 е потпишан **Меморандум за разбирање** за укажувањето на поддршка од страна на Русија на антитерористичката операција на НАТО "Активна поткрепа" **(Active Endeavour)** во Средоземно море и е примен План за дејство против тероризмот. Во април 2005 г. е потпишан Споразум за статутот на силите за Партнерство за мир (СОФА), кој обезбедува неопходната правна рамка и олеснува заедничките дејства на НАТО и Русија при општи закани за безбедноста.

## 17. НАТО и Украина

Односите меѓу НАТО и Украина започнуваат да се развиваат наскоро од како земјата ја стекна својата независност во 1991 г. Истата година земјата се присоединува кон Северноатлантскиот совет за соработка, а во 1994 г. станува првата држава од ОНД, која се вклучува во иницијативата Партнерство за мир. Во мај 1997 Украина е меѓу основачите на Евроатлантскиот совет за партнерство.

Во истата година меѓу НАТО и Украина е потпишана **Харта за посебно партнерство**, со која се ставени официјално темелите на соработката и се создаде Комисијата НАТО – Украина / КНУ / како раководен орган на оваа соработка.

Добар напредок е постигнат во ноември 2002 со примањето на План на дејство меѓу НАТО и Украина. Тој обезбедува модел за активно партнество и консултации во различни области: политички и економски прашања; информациони прашања; воени прашања и проблеми на безбедноста и одбраната. Новиот План на дејство јасно формулира стратешките цели и приоритети на Украина по патот кон полната интеграција во евроатлантските структри и определува стратешката рамка на постоечката и идната соработка меѓу НАТО и Украина.

Во април 2005 г. е ставен почетокот на нова етапа во односите на Алијансата со Украина. На неформален состанок на Комисијата НАТО – Украина, на ниво министри за надворешни работи, е донесена одлука за започнување на интензивен дијалог за стремежите на Украина за членство во НАТО. Донесен е документ односно мерките за задлабочување на соработката и е склучен споразум за придонес на Украина кон операцијата на НАТО "Активна поткрепа" **(Active Endeavour)**.

## 18. Зошто членство во НАТО? Основни ангажмани и одговорности

Во процесот на присоединувањето кон НАТО секоја држава прифаќа набор од конкретни ангажмани и одговорности :

1. Да прими сите активни кон моментот на присоединување политички документи и други решенија на НАТО, кои сочинуваат согласувани политики по различни правци од дејноста и компетенциите на Алијанасата (т.нар. политички **"acquis"** на НАТО);

2. Да учествува делотворно во процесот на консултации и донесување на одлуки во рамките на Алијансата, и положува стриктно напори за постигање на консензус;

3. Да се придржува кон политиката на “отворени врати” на Алијансата, во соодветство со член 10 од Вашингтонскиот договор и декларациите од состаноците на највисоко ниво во Мадрид, Вашингтон, Прага и Истанбул;

4. Да се присоедини кон многостраните споразуми и записници, склучени меѓу земјите–членки на НАТО;

5. Даго прифати “ широкиот пристап кон безбедноста” содржан во Стратешката концепција на НАТО;

6. Да учествува делотворно во интегрираната воена структура и во колективното планирање на одбраната, како и да изјави сили и способности за целиот опфат од мисии на Алијансата;

7. Да одделува доволно буџетни средства за извршување на прифатените обврски, како и да учествува во колективно финансираните буџети на НАТО.

**Членството во НАТО носи практичка корист на присоединетите држави:**

На прво место тоа ги инволвира со заедничките на евро–атланткото семејство вредности на слобода, врховенство на законот, човекови права и слободно претприемачество.

Во **политички план**, членството дава можности за рамноправно учество на земјите во меѓународните процеси и во формирањењто на важни решенија на меѓународната заедница, како и понадежната одбрана на националните интереси при земање на решенија, кои се однесуваат до прашања на националната и регионална безбедност.

Членството во Алијансата укажува и позитивно влијание врз процесот на интеграција во ЕУ , бидејки реформите, остварени во процесот на присоединување кон НАТО се ситавен дел од интеграцијата во ЕУ. Освен тоа двете организации споделуваат општи вредности и цели и соработуваат по прашањата на безбедноста.

Во **воено-политички аспект**, членството во НАТО е најдобрата можна гаранција за националната безбедност.Тоа е исто претпоставка и средство за изградувањето на модерни и надежни вооружени сили, способни да реагираат адекватно во случај на закана и да дејствуваат заеднички со сојузниците.

Во **економски аспект** , членството во Алијансата носи директна и индиректна корист. Безбедноста како претпоставка за економскиот развиток придонесува за зголемување на довербата на потенцијалните

странски инвеститори, трговски партнери и туристи кон земјите–членки, кое укажува дејство врз можностите за создавање на работни места и пораст на платите.

Освен тоа, НАТО има и свое конкретно димензионирање. По програмите за заедничко финансираната инфраструктура и опрема за безбедност, земјата ќе може да прима битна поддршка за модернизацијата или изградба на објекти и опрема како аеродроми, системи за комуникации и информација, радари , навигациони системи и др. Се обезбедува пристап до високи технологии во воената сфера, како и поголеми можности за учество на наши научници, истражувачки центри и фирми во проекти, финансирани од НАТО или остварувани заеднички од неколку земји–членки на Алијансата.

## ЕПИЛОГ

НАТО е најефективната современа организација во сферата на безбедноста.Клучот кон успехот на Алијансата се засновува на принципите и вредности, врз кои е изграден. На фонот на заканите, кои се променуваат, овие вредности на демократијата, почитувањето на човековите права и силата на законот ги обединуваат земјите–членки.

Силата на НАТО е во способноста да се променува, да се трансформира, за да одговори на новите асиметрички закани и опасноста од тероризам и распространувањето на оружја за масовно уништување. Извршувајки задржувачка и одбранбена функција, НАТО е гарант за националната безбедност на земјите–членки. Со својата политиката на отворени врати Алијансата се стреми да прифати и нови држави, кои споделуваат евроатлантски вредности. Насочувајки фокусот за партнерство вон евроатлантскиот простор – кон Медитеранскиот базен, Јужен Кавказ, Централна Азија и Блискиот Исток, НАТО се утврдува како организација, која прима одговорностите и предизвиците на современите закани и се стреми кон спречување на конфликтите и придонесува за активното регулирање на кризи.

Динамично променувачката средина за безбедност наложува НАТО да се трансформира и да најде нов биланс меѓу традиционите мисии и снајдувањето со глобалните закани , да се снабди со побрзи и флексибилни воени способности, да се адаптира, за да одговорува на потребностите од повеќе безбедност и стабилност на своите членови и да дејствува во евроатлантската зона и надвор од неа. Затоа денес би можеле да определиме НАТО како регионална организација со глобални одговорности.

## ПРИЛОЗИ

### Северноатлантски договор

*Ратифициран со закон, примен од 39–то НС на 18.03.2004 г.*
*Сл. В. бр. 22 од 18.03.2004 г.*
*Издаден од Министерството за надворешни работи, објавен*
*Сл.В. бр. 22 од 18.03.2004 г. во сила од 29.03.2004 г.*

**Вашингтон, 4 април 1949 г.**

Договорните страни ја потврдуваат својата доверба во целите и принципите на Статутот на Организацијата на обединетите нации и желбата да живеат во мир со сите народи и влади.

Решени да ја бранат слободата на своите народи, нивното општо наследство и цивилизација, кои се засновуваат на приципите на демократијата, слободата на личноста и врховенството на законот.

Во својот стремеж да соработуваат за засилување на стабилноста и благосостојбата во Северноатлантската зона.

Решени да обединат своите напори за колективна одбрана и за зачувувањето на мирот и безбедноста, го склучуваат овој Северноатлантски договор:

**Член 1**

Договорните страни се задолжуваат во соодветство со Статутот на Организацијата на обединетите нации да решаваат секој меѓународен спор, во кој можат да бидат вовлечени, со мирни средства и начин, кој да не загрозува меѓународниот мир, безбедност и справедливост и да се воздржат во меѓународните односи од закани со сила или употреба на сила на било кој начин, противречен на целите на Организацијата на обединетите нации.

**Член 2**

Договорните страни ќе придонесуваат за понатамошен развиток на меѓународни односи, насочени кон мир и пријателство и зацврстуваат своите слободни институции, обезбедуваат подобро разбирање на

принципите, на кои се засновуваат овие институции и соработуваат за зголемување на стабилноста и благосостојбата. Тие ќе се стремат да не влегуваат во заемен конфликт при остварувањето на својата меѓународна економска политика и ќе поттикнуваат економската соработка како меѓу одделни, така и меѓу сите земји по Договорот.

**Член 3**

За поефективно постигање на целите на овој Договор страните по него, поодделно и заеднички развивајќи постојано и ефективно своите сопствени можности и пружаат заемна помош, ќе одржуваат и развиваат своите индивидуални способности за спритопоставување на вооружен напад.

**Член 4**

Договорните страни ќе се консултираат заеднички секој пат, кога по мислење на некоја од нив се појавила закана за територијалната целост, политичката независност или безбедноста на која и да е од нив.

**Член 5**

Договорните страни се договараат дека вооружен напад, преземен против една или повеќе од нив, во Европа или во Северна Америка, ќе се разгледува како напад против сите нив, во резултат на што тие се договараат дека во случај на таков вооружен напад секоја од нив, користејќи своето право на индивидуална или колективна самоодбрана, признаено во член 51 од Статутот на Организацијата на обединетите нации, ќе пружи помош на нападнатата земја или страни по Договорот орезземајќи веднаш , индивидуално или согласувано со останатите страни по Договорот, такви дејства, какви смета за неопходни, вклучувајќи употребата на вооружена сила, воспоставување и одржување на безбедноста во Северноатлантската зона.

Секој таков вооружен напад и преземените во резултат од него мерки ќе бидат веднаш доведени до знаењето на Советот за безбедност. Остварувањето на такви мерки ќе биде прекинато, од како Советот за безбедност преземе неопходни чекори за воспоставување и одржување на меѓународниот мир и безбедност.

**Член 6**

За целите на член 5 за вооружен напад против една или повеќе од страните по Договорот ќе се смета вооружен напад.

– против територијата на некоја од Страните по Договорот во Европа или Северна Америка,спроти Алжирските департаменти на

Франција, против територијата на Турција или против островите во Северноатлантската зона на север од Тропикот на ракот, кои се наоѓаат под јурисдикцијата на некоја од странките по Договорот;

– против вооружените сили, бродови или авиони на некоја од странките по Договорот, кога тие се наоѓаат врз или над овие територии или друг реон на Европа, во кој од датата на влегувањето на Договорот во сила се биле расположени окупациони сили на некоја од странките по Договорот, во Средоземно море или во Северноатлантската зона на север од Тропикот на ракот.

**Член 7**

Овој Договор не влијае и нема да се толкува дека на било кој начин ги засегнува правата и обврските, кои произлегуваат од Статутот на Организацијата на обединетите нации за страните по Договорот, кои се членки на Организацијата на обединетите нации, или главната одговорност на Советот за безбедност за поддржувањето на меѓународниот мир и безбедност.

**Член 8**

Секоја Договорна страна изјавува дека нема ниту еден активен меѓународен споразум меѓу неа и која и да е друга страна по Договорот или меѓу неа и некоја трета држава, кој да е во противречност на овој Договор и се задолжува да не презема никакви меѓународни ангажмани, кои се во противречност на Договорот.

**Член 9**

Со овој Договор страните создаваат Совет, во кој ќе биде претставена секоја една од нив и кој ќе разгледува прашања, кои се однесуваат до примената на Договорот. Советот ќе биде организиран на таков начин, за да може да се состанува веднаш и по секое време. Советот ќе создаде такви помошни органи, кои може да бидат од неопходност; поконкретно, тој ќе создаде веднаш комитет по одбраната, кој ќе препорачува мерки за примената на член 3 и член 5.

**Член 10**

Договорните страни можат при едногласна согласност, да поканат да се присоедини кон Договорот секоја друга европска држава, која е во состојба да соработува за остварувањето на принципите на овој Договор и да придонесува за безбедноста во Северноатлантската зона. Секоја поканета на таков начин држава може да стане страна по Договорот , со депозирање на документ за своето присоединување при владата на Соединетите американски држави.Владата на

Соединетите американски држави ќе информира секоја од страните по Договорот за депозирањето на секој таков документ за присоединување.

**Член 11**

Договорните страни ќе го ратификуваат овој Договор и ќе ги исполнуваат наредбите во соодветство со своите уставни постапки. Ратификационите документи ќе бидат депозирани во можно најкраток рок при владата на Соединетите американски држави, која ќе ги информира сите останати држави, што го потпишале Договорот, за секое едно депозирање. Договорот ќе стапи во сила по однос на државите, кои го ратификувале, веднаш од како бидат депозирани ратификационите документи на мнозинството држави кои го потпишале , вклучувајки тие на Белгија, Канада, Франција, Луксембург, Холандија, Велика Британија и Соединетите американски држави, а во однос на други држави ќе се применува од датата на депозирање на нивните ратификациони документи.

**Член 12**

По истекување на десет години од стапувањето на Договорот во сила или по секое време потоа странките по него, ако некоја од нив побара , ќе се консултираат заеднички односно неопходноста од преразгледување на Договорот, земајки под внимание активните во моментот фактори,кои влијаат на мирот и безбедноста во Северноатлантската зона, вклучувајки универзалните и регионалните спораазуми за подршка на меѓународниот мир и безбедност, во соодветство со Статутот на Организацијата на обединетите нации.

**Член 13**

По истекување на дваесет години од стапувањето на Договорот во сила секоја од страните по Договорот може да престане да биде страна по истекување на една година од датата, на која нејзиниот извештај за денонсирање на Договорот бил предаден на владата на Соединетите американски држави, која ќе информира владите на останатите страни по Договорот за секое депозирање на ваков извештај за денонсирање.

**Член 14**

Овој Договор, чии текстови на англиски и француски јазик имаат еднаква сила, ќе биде предаден за чување во архивите на владата на Соединетите американски држави. Оваа влада ќе им врачи на владите на другите држави, што го потпишале Договорот, надлежно заверени копии од него.

## НАТО ВО СКРАТЕНИЦИ

**АВАКС** – Воздушнопреносли систем за набљудување и контрола / висок мобилен систем за набљудување и разузнување, разработен да ја гарантира воздушната одбрана на евроатлантската зона /
**Алтеја** – Воена мисија на Европската Унија, која презела стабилизирањето на Босна и Херцеговина од мисијата на НАТО СФОР
**АСО** – Сојузна команда по операциите.
**АТА** – Асоцијација на Атлантскиот договор – меѓународна невладина организација, основана во 1954 г од земјите – членки на НАТО
**Берлин плус** – пакет спораузми за соработка со ЕУ, според кои средствата и силите на НАТО можат да бидат користени во операции, раководени од ЕУ.
**ВК** – Воен комитет /на него е потчинета воената структура на НАТО/
**ГК** – Главна квартира на НАТО се наоѓа во Брисел. Таа е постојано седиште на Северноатлантскиот совет / САС /
**ГНП** – Група за нуклеарно планирање – дел од политичката структура на Алијансата во рамките на која се дискутираат широк спектар од специфички политички прашања за нуклеарната политика.
**ГС** – Генерален секретар на НАТО, највискоиот меѓународен службеник, кој се именува од земјите–членки.
**ГШТ на БА** – Генералштаб на Бугарската армија
**ЕАДРЦЦ** – Евроатлантски координационен центар за реагирање при катастрофи, основан во 1998 г. во Главната квартира на НАТО
**ЕАСП** – Евро–Атлантски совет за партнерство / Совет на земјите партнери на НАТО /, заменува САСС од 1997 г. со цел да се стави нова етапа на трансатлантската соработка.
**ЕЗ** – Европска Заедница / Европски Заедници
**ЕУ**– Европска Унија
**ЗЕУ** – Западноевропска Унија ; Создадена како воена организација со Бриселскиот договор од 1948 г. Во 1954 г. Бриселскиот пакт е проширен и реформиран во ЗЕУ. Во моментот е дел од структурите на ЕУ.
**ЗНД** – Заедница на независните држави, основана во декември 1991 г. после распаѓањето на поранешниот СССР.
**ИСАФ (ISAF)** – Меѓународни сили за одржување на безбедноста во Авганистан со мандат на ООН од 2001 г.

**ИФОР (IFOR)** – Мултинационални сили за примена на мирниот споразум од Дејтон во Босна и Херцеговина / 1992 –1995 /, заменети од СФОР во 1996 г.

**ИЦИ (ICI)** – Иницијатива од самитот на врвот во Инстанбул, 2004 г. со цел за зацврстување на безбедноста и регионалната стабилност и да придонесе за билатерална соработка со заинтересираните земји од регионот на широкиот Близок Исток /Совет за соработка во Персискиот залив/; дополнителна иницијатива кон Медитеранскиот дијалог .

**КНУ** – Комисија НАТО – Украина, основана во 1997 г како раководен орган на соработката меѓу НАТО и Украина вклучена во Харта за посебно партнерство.

**КПО** – Комитет за планирање на одбраната – дел од политичката структура на Алиансата, која се бави со прашања сврзани со колективната одбрана и нејзиното планирање;

**КФОР (KFOR)** – Сили на НАТО во провинцијата КОСОВО со мандат на СБ на ООН Резолуција 1244 за спречување на евентуално воспоставување на конфликтот.

**МВС** – Меѓународен воен секретаријат – помага на работата на Воениот комитет.

**МО** – Министерство за одбрана

**МС** – Меѓународен Секретаријат – потпомага работата на САС и потчинетите комитети.

**МЦГ (MCG)** – Група за Медитеранска соработка – со цел развивање на иницијативата Медитеранскиот дијалог / Алжир, Египет, Израел, Јордан, Мавританија, Мароко и Тунис /.

**НАТО** – Организација на Северно–Атлантскиот договор основана со потпишувањето на Вашингтонскиот договор во 1949 г. со цел колективна одбрана

**НРФ (NRF)** – Сили на НАТО за одговор / **NATO Response Force** / – иницијатива на Алијансата од Прага, 2002 г . за воена трансформација со цел формирање на копнени, военовоздушни и военоморски сили со спремност за префрлање во рамките на 5 дена.Целосна оперативна спремност на силите треба да биде обезбедена најдоцна до октомври 2006 г.

**НСИП (NSIP)** – Програма на НАТО за инвестиции во безбедноста / **NATO Security Investment Program** /

**НТМ-И (NTM - I)** – мисија на НАТО во Ирак врз основа на Резолуција на Советот за безбедност на ООН бр. 1546 со непосредна цел обука на вооружените сили и силите за безбедност на Ирак; нема боен карактер.

**ОБСЕ/СБСЕ (OSCE)** – Организација за безбедност и соработка во Европа / основана како Советување за безбедност и соработка во Европа во Хелзинки во 1975 г.

**ОМУ** – Оружја за масовно уништување

**ОНППБ** – Општа надворешна политика и политика за безбедност на ЕУ; со потпишувањето на Договорот за Европска Унија / ДЕУ/ од Маастрихт, во сила од 1993 г., државите членки се споразумеваат за нејзиното формирање.

**ООН** – Организација на Обединетите нации, основана во 1945 г во Сан Франциско од 51 држави со цел за одржување на светскиот мир и развој на пријателски односи меѓу народите. Во овој момент земјите–членки се 191. Бугарија е член од 1955 г.

**ПА** – Парламентарна Асамблеја на НАТО, меѓупарламентарна организација,основана во 1955 г за дискутирање на прашања од општ интерес.

**ПДЧ** – План на дејство за членство, иницијатива од 1999 г. со цел потпомагање на земјите, кои се стремат кон членство во НАТО.

**ПзМ** – Партнерство за мир, иницијатива од самитот на врвот во Брисел во 1994 за подобрување на безбедноста и стабилноста во Европа. Поканети се да се присоединат сите земји партнери од САСС и државите од СБСЕ / сегашната ОБСЕ/. Во овој момент државите партнери се 27.

**ПЗС НАТО** – Русија – Постојан Заеднички совет, основан во 1997 г. како форум за редовни консултации во областа на безбедноста, заменет во 1992 г од Совет НАТО – Русија.

**ПРТс (PRTs)**– Граѓанско–воени Провинциски екипи за воспоставување.

**ПКК (PCC)**– Прашки ангажман за воените способности /**Prague Capabilities Commitment** /, од Прага 2002 г., преку кои се преземаат индивидуални политички обврски за подобрување и развиток на одбранбените способности во широк спектар од области.

**САС** – Северноатлантски Совет / дел од политичката структура на НАТО/; учествуваат претставниците на земјите–членки. Најважниот орган за земање на решенија во НАТО.

**САСС** – Северно–Атлантски Совет за соработка, дел од институционализирање на односите на Алијансата со земјите од Централна и Источна Европа. Првата седница е одржана во декември 1991 г. за време на која е примена “Декларација за дијалог, партнерство и соработка” Бугарија е член сооснова‌ч.

**САКЛАНТ (SACLANT)** – Врховен сојузен главен командат за Атлантскиот океан – постои до промената на командната структура од Прага 2002 г.

**САКТ (SACT)** – Врховен сојузен главен командант по трансформациите; со функционална улога односно процесот на трансформација на силите и воените способности на Алијансата; главен командант на обединетите сили на САД.

**САКЕУР (SACEUR)** – Врховен сојузен главен командант за Европа со

штаб–квартира во Монс, Белгија. Раководи сојузната команда по операциите и одговара за сите операции на НАТО; командир е и на европската команда на САД.

**СБ /на ООН/** – Совет за безбедност, основен орган за земање на решенија во ООН. Во периодот 2002 – 2004, Бугарија е непостојан член на Советот за безбедност. Постојани членови со право на вето се Велика Британија, Кина, Русија, САД и Франција.

**СКТ** – Сојузна команда по трансформацијата

**СНР** – Совет НАТО – Русија, основан во 2002 г. како нов форум за соработка, механизам за консултации, изградба на консензус, земање на општи решенија и преземање на заеднички дејства како рамноправни партнери.

**Средоземноморски Дијалог** – форум, основан во 1995 г. со 7 земји од регионот со цел да се придонесе за безбедноста и стабилноста во регионот на Медитеранот и да се постигне подобро заемно разбирателство и ниво на соработка.

**СФОР (SFOR)** – Стабилизациони сили во Босна и Херцеговина – мисија на НАТО до 2004, заменета од операција Алтеја на ЕУ.

**СОФА (SOFA)** – Спораzум за статутот на силите од Партнерство за мир, потпишан во 2005 г, кој обезбедува правна рамка и олеснува заедничките дејства на НАТО и Русија при општи закани за безбедноста.

**УНМИК (UNMIK)** – Мисија на ООН во Косово од 1999 г. врз основа на резолуција 1244 на СБ на ООН.

**ХБРН (CBRN)** – хемиски, биолошки, радиолошки и нуклеарни оружја/; во декември 2003 е формиран Мултинационален батаљон / 13 земји – членки/ за одбрана од ХБРН, дел од Силите на НАТО за одговор / **NATO Response Force**/.

**ЦИМИЦ (CIMIC)** – Граѓанска–воена соработка со важна улога при решавањето на кризи.


НАТО
во соработка со други
меѓународни организации
ООН
ОССЕ
Белорусија
Казахстан
Киргистан
Монако
Светиот Престол
Таџикистан
Туркменистан
Узбекистан
НАТО
Канада
САД
Европска
Унија
Бугарија
Данска
Естонија
Кипар
Летонија
Литванија
Малта
Полска
Романија
Словачка
Словенија
Унгарија
Чешка
Австрија
Финска
Ирска
Шведска
Азербејџан
Албанија
Андора
Босна и
Херцеговина
Ерменија
Грузија
Лихтенштајн
Македонија
Молдавија
Русија
Сан
Марино
Србија
Украина
Хрватска
Црна Гора
Швајцарија
Западно-Европска
Унија
Белгија
Велика Британија
Германија
Грција
Италија
Шпанија
Луксембург
Португалија
Франција
Холандија
Исландија
Норвешка
Турција
Советот на Европа


Евро-Атлантски
Сојуз за Партнерство
Австрија
Азербејџан
Албанија
Белорусија
Босна и Херцеговина
Грузија
Ерменија
Ирска
Казахстан
Киргистан
Македонија
Молдавија
Србија
Таџикистан
Туркменија
Узбекистан
Финска
Хрватска
Црна Гора
Швајцарија
Шведска
Совет НАТО - Русија
Русија
Комисија НАТО - Украина
Украина
НАТО
Белгија
Бугарија
Велика Британија
Германија
Грција
Данска
Естонија
Исландија
Италија
Канада
Летонија
Литванија
Луксембург
Норвешка
Полска
Португалија
Романија
Словачка
Словенија
САД
Турција
Унгарија
Франција
Холандија
Чешка
Шпанија
Бахреин
Катар
Кувајт
Обединети
Арапски
Емирства
Оман
Саудитска
Арабија
Совет за Соработка
во
Персискиот Залив
Алжир
Египет
Израел
Јордан
Мавританија
Мароко
Тунис
Група за
Средоземноморска
Соработка

# ПОЛИТИЧКА СТРУКТУРА



# ЦИВИЛНА И ВОЕНА СТРУКТУРА

